РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
07-759/1
09.04.2013 год
СКОПЈЕ

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Стеван Павлески од Скопје, согласно член 2 став 1 точка, член 3 точка 16, член 4, член 10,14, член 18 став 6 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 09.04.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

СЕ УТВРДУВА дека лицето Стеван Павлески , поранешен републички потсекретар на СДБ при МВР, ЕМБГ 0805949450188, роден на 08.05.1949 година, бил наредбодател, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012).

***Образложение***

За Стеван Павлески, лице кое било носител на јавна функција-поранешен републички потсекретар на СДБ при МВР и заменик основен јавен обвинител, Комисијата за верификација на фактите согласно член 14 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите,Комисијата утврди дека за лицето Стеван Павлески , во Државниот архив на Република Македонија, во неколку лични досиеја на други лица постојат

документи од кои се утврди дека вршејќи ја својата функција наредил или одобрил дејствување со кое се кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните.

Од увидот во следните лични досиеја кои постојат во Државниот архив на Република Македонија, се утврди дека за лицето Стеван Павлески, постојат следниве документи:

- Обвинителен акт бр.95/87 од 05.06.1987 година, тужител зам.ОЈО Стеван Павлески, тужен [redacted] од Кичево, составен од 7 (седум) страни;

- Записник од испитување лице против кое е барано спроведување истрага за лицето [redacted] од Кичево, бр.95/87 од 05.06.1987 година. составен од 4 (четири) страни;

- Записник од сослушување на лицето [redacted] од Кичево, бр.95/87 од 09.06.1987 година, составен од 2 (две) страни;

- Записник од сослушување на лицето [redacted] од Кичево, бр.95/87 од 09.06.1987 година, составен од 4 (четири) страни;

- Записник од сослушување на лицето [redacted] од Кичево, бр.95/87 од 09.06.1987 година, составен од 3 (три) страни;

- Записник од сослушување на лицето [redacted] од Кичево, бр.95/87 од 09.06.1987 година, составен од 5 (пет) страни;

- Записник од сослушување на лицето [redacted] по кривичниот предмет против [redacted] и други од Кичево, бр.95/87 од 25.06.1987 година, составен од 4 (четири) страни;

- Заведување на оперативна обработка(ОО) на лицето [redacted] со псевдоним „Енигма", Ев.бр.325 од 10.04.1990 година, составен од 3 (три) страни;

- Во личното досие бр.Н-26325 на лицето [redacted] се најдени следните документи: Предлог за заведување на ОО на лицето [redacted] Ев.бр.356 од 02.10.1990 година, составен од 3 (три) страни; и Предлог за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациски средства Ев.бр.316 од 03.10.1990 година, составен од 2 (две) страни;

- Предлог за заведување во ОО на лицето [redacted] со псевдоним„Анархист", Ев.бр.45 од 07.01.1991 година, составен од 3 (три) страни; и Предлог за примена на мерката - тајна контрола на телефонските разговори во меѓународниот телефонски сообраќај ев.бр.350 од 20.04.1990 година, составен од 3 (три) страни;

-Предлог за прераснување напретходна обработка на ОО „Металец", псевдоним на лицето [redacted] Ев.бр.134 од 11.04.1990 година, составен од 3 (три) страни;

- Во личното досие бр.Н-20218 на лицето [redacted] се најдени следните документи: Предлог за враќање на 20.000 ДМ

оперативната позиција „Јак ", ев.бр.97 од 14.11.1990 година , составен од 2 (две) страни; и Службена белешка од работен состанок во врска со натамошниот третман на [redacted] ев.бр.130 од 18.09.1990 година, составен од 3 (три) страни;

Со обвинителен акте од страна на Основен јавен обвинител Стеван Павлески, тужен е [redacted], роден [redacted] година во [redacted] - Кичево, обвинет за периодот кога бил средношколец трета година, за усна пропаганда заради намалување на бројот на часовите по албански јазик, организирање на групата „Марксист ленинисти ", со цел учениците во школото да ги запознаат со историјата на албанскиот народ, преку издавање нивен весник „Ули и лирис",, слушање Радио Тирана и читање на весникот „Зери Косовс ". Исто со обвинителен акте од страна на ОЈО Стеван Павлески е тужен [redacted] роден [redacted] година во Кичево, обвинет за периодот кога бил средношколец трета година, за издавање на весникот „Ули и лирис "и читање на весникот „Зери Косовс". По кривичниот предмет за [redacted] и други од Кичево, за здружувањата и непријателската дејност во Кичевската гимназија, по предлог на ОЈО Стеван Павлески се сослушувани следните лица: [redacted] и [redacted] Како републички потсекретар на СДБ одобрил за ведување на ОО на лицето [redacted], роден на [redacted] година во с.[redacted] -Тетово, дописник на „Рилиндја", писател, со место на живеење во Скопје, по линија на албански национализам и сепаратизам, со цел проверка и потврдување на сознанијата и податоците кои укажувале на неговата непријателска дејност. Лицето [redacted] роден [redacted] година во [redacted] Кичево, бил заведен во ОО по одобрение на Стеван Павлоски, со цел да се документираат неговите непријателски активности за насилно рушење на уставниот поредок на земјата. На истиот по одобрение Стеван Павлески, му е применета тајна контрола на телефон и телекомуникациски средства, за да се потврдат добиените податоци во врска со неговите ветувања кои ги давал на состаноците на огранокот на ПДП во Кичево, како претседател на истиот. Стеван Павлески го одобрил и предлогот за заведување во ОО на лицето [redacted], роден на [redacted] година во с.[redacted] - Тетово, кој привремено бил вработен во СР Германија. По одобрение Стеван Павлески, му е применета мерката тајна контрола на телефон и телефонски разговори во меѓународниот телефонски сообраќај, со цел да се следи неговата комуникација со истомисленици во Р.Македонија. Како Републички потсекретар Павлески го одобрил и предлогот за преراснување на претходната обработка во оперативна обработка над лицето [redacted],

роден [redacted] година, во с. [redacted]-Охрид, на времена работа во Сиднеј-Австралија, поради потврдени сознанија дека делува во националистички групации на македонската емиграција во Австралија. Во личното досие на [redacted] роден на [redacted] година во с. [redacted] Куманово, кој емигрирал во повеќе држави, а во Шведска станал и раководител на емигранска организација, во 1978 година бил уапсен и осуден, е најден предлог за враќање на одредена сума пари на ОП „Јак" од Западен Берлин по одобрение на Стеван Павлески. Парите му биле дадени за да преку друг се дадат на [redacted] да купи стан по излегување од затвор, а станот да гласи на име на „Јак", бидејќи [redacted] парите ги потроши за други цели се даде и предлогот да му се вратат парите на „Јак". До Стеван Павлески се доставуваа службени белешки од работни состаноци во врска со натамошниот третман на [redacted] кој бил оценет како контраверзна личност, кој како припадник на ВМРО, манифестирал национализам.

Сите овие документи Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, соглано член 14, член 18 став 6 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, и соглано член 212 став 2 од Законот за општа управна постапка, утврди дека Ице Дамчевски бил наредбодател во смисла на овој закон.

**Комисија за верификација на фактите,**
Претседател,
Томе Аџиев

**ПОУКА:** Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот на изјавата да ја извести Комисијата.

**ДНА:** Да се достави до Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Државната изборна комисија и до лицето Стеван Павлески.